Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15 и 9/19), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 06/02; 04/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

1. Во Решението бр. 08-4820/2 од 30.11.2017 година за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје наместо Марко Ѓоргиевски и Давид Данаилов за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се именуваат:

   1. Ненад Матевски и

   2. Маја Серафимовска Борозан.

2. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

3. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5319/10
17.12.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година.

Бр. 09-5319/13
17.12.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 161/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје**

1. Се дава позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5319/12
17.12.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09-Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром**

Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година.

Бр. 09-5319/15
17.12.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19) и член 41 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), Советот на Општина Центар-Скопје, на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром**

### **Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром, изработен од ИУСЕ ИН-ПУМА Скопје со тех.бр. 45/2017 од октомври 2020 година, согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр. 18/12), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15; 217/15; 222/15; 228/15; 35/16; 99/16; 134/16; 33/17 и 86/18).

### **Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром, е со површина од 8,51 ха.

Границите на планскиот опфат се следниве:

- На североисток границата се движи по оската на бул. „Кузман Јосифовски-Питу".
- На југоисток границата се движи по оската на ул. „Борис Кидрич".
- На југозапад границата се движи по оската на ул. „Трета македонска бригада".
- На северозапад границата се движи по оската на ул. „Никола Карев".

Општина Центар-Скопје го донесува планот за целиот плански опфат, а ќе го спроведува само за подрачјето што е во рамките на нејзината административна граница.

## Член 3

Во утврдените граници на опфатот од член 2 е следнава содржина:

## ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ........................................................................................................ 8
ГРАФИЧКИ ДЕЛ ......................................................................................................... 10
ПРИЛОЗИ ..................................................................................................................10

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........................................................................11**
1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТОТ, ГРАНИЦИТЕ И ПОВРШИНАТА............................................................................................................. 11
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО И НЕГОВАТА ОКОЛИНА.. 11
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ФАКТОРИ ..................................................................... 12
3.1 Релјефни карактеристики ........................................................................................ 12
3.2 Климатски карактеристики ....................................................................................... 13
3.3 Сеизмички карактеристики .......................................................................................13
3.4. Хидролошки карактеристики ....................................................................................14
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ФАКТОРИ ...........................................14
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ........................................................................................................ 14
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ ........................... 15
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ...............15
8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ..................15
9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ ........................................................ 16
11. ДРУГИ ПРИЛОЗИ........................................................................................................ 17
11.1 Пописни листи од извршената инвентаризација на теренот ........................................... 17
11.2 Нумерички податоци за постојна состојба .......................................................................17

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА .........................................................................19**
1. ВИД ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ РАЗВОЈ .................................................... 19
2. ПРОСТОРЕН КОНЦЕПТ ........................................................................................................ 21
3. ПЛАНСКА ПРОГРАМА............................................................................................................ 22
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА ..................................... 25
5.1. Единици на градежно земјиште .........................................................................................26
5.2. Класа на намени .................................................................................................................. 26
5.3. Сообраќајно решение ...........................................................................................................26
5.5. Електроенергетика и ПТТ-инсталации ...................................................................................30
5.6. Хидротехничка инфраструктура ..........................................................................................33
5.7. ТОПЛИФИКАЦИСКА МРЕЖА ................................................................................................ 35
5.8 ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ................................................................................... 35
6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ....................................................................................... 36
7.1. Мерки за заштита на животната средина................................................................................ 36
7.2. Засолнување ...........................................................................................................................38
7.3. Заштита и спасување од поплави .............................................................................................38
7.4. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ........................................38
7.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства .................................. 39
7.6. Заштита и спасување од урнатини ..........................................................................................40
7.7. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи ...................................................... 40
7.8. Спасување од сообраќајни незгоди ........................................................................................ 41

7.9. Евакуација ........................................................................................................ 41
7.10. Згрижување на загрозеното и настраданото население ..............................................41
7.11. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ..................................................................41
7.12. Прва медицинска помош ................................................................................................ 42
7.13. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ..........................42
7.14. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло .........................42
7.15. Асанација на теренот ....................................................................................................... 42

**НУМЕРИЧКИ ДЕЛ ..........................................................................................................44**
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ.................................................................................................. 44
2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ ) ПОКАЗАТЕЛИ ...........................................................................45

**УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ..................................................................................................... 50**
1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ ШТО ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ ............................................................................. 50
2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ ШТО ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ ............................................................................. 53
Градска четврт И09 - Нова железничка станица ........................................................................ 53

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ ................................................................. 1:5000
2. ИЗВОД ОД ПОСТОЕН ДУП/ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ ................................... 1:1000
3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ............................................................ 1:1000
4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ................................................... 1:1000
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА .................................................................................. 1:1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
1. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИ ............................................ 1:1000
1А ПАРЦЕЛАЦИЈА.......................................................................................... 1:1000
2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ......................................................... 1:1000
2а. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ЖЕЛЕЗНИЧКА ПЛАТФОРМА - кота 10.0 м .. 1:1000
3. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ................................................................... 1:1000
4. ПЛАН НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПЛАТФОРМА.............................................................1:1000
5. СИНТЕЗЕН ПЛАН ........................................................................................ 1:1000

**ПРИЛОЗИ**
1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ
2. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
3. ИЗВОД ОД ДУП

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Предлог ДУП Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром, плански период 2017-2022, со плански опфат 8,51 ха, изработен од ИУСЕ ИН-ПУМА Скопје, со тех. бр. 45/2017 од октомври 2020 година (текстуален дел со документациона основа, планска документација, нумерички дел и услови за изградба и графички дел со документациона основа, планска документација и прилози);

- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2016 година, донесена со бр. 08-6965/8 од 17.12.2015 година, објавена со Решение бр. 09-6965/9 од 18.12.2015 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2017 година, донесена со бр. 08-5943/2 од 27.12.2016 година, објавена со Решение бр. 09-5943/3 од 28.12.2016 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година, донесена со бр. 08-5371/12 од 27.12.2017 година, објавена со Решение бр. 09-5371/13 од 27.12.2017 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2019 година, донесена со бр. 08-5616/8 од 25.12.2018 година, објавена со Решение бр. 09-5616/9 од 25.12.2018 г.;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2020 година, донесена со бр. 08-6270/30 од 26.12.2019 година, објавена со Решение бр. 09-6270/31 од 26.12.2019 г.;
- Програма за измена и дополнување на Програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2020 година, донесена со бр. 08-2150/12 од 14.5.2020 година, објавена со Решение бр. 09-2150/13 од 14.5.2020 г.;
- Решение за формирање на Комисија за урбанизам, бр. 09-3949/1 од 11.8.2016 г.;
- Решение за формирање на Комисија за урбанизам, бр. 09-229/1 од 13.1.2020 г.;
- Планска програма од декември 2016 година изработена од изработувачот на планот;
- Предлог за одобрување на Планската програма од Комисијата за урбанизам на Општина Центар-Скопје, бр. 09-428/2 од 31.1.2017 г.;
- Решение за одобрување на Планската програма од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-428/3 од 31.1.2017 г.;
- Стручно мислење по планот од Комисијата за урбанизам на Општина Центар-Скопје, бр. 09-428/9 од 22.5.2017 г.;
- Одлука за спроведување јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-428/10 од 6.6.2017 г.;
- Соопштение за спроведување јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-428/11 од 6.6.2017 г.;
- Решение за формирање на Стручна комисија по јавна анкета, бр. 09-428/13 од 6.6.2017г.;
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-428/18 од 28.7.2017 г. со вклучен Записник од спроведена јавна презентација, бр. 26-428/15 од 20.6.2017 г.;
- Заклучок за спроведување повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-719/2 од 8.2.2019 г.;
- Одлука за спроведување повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/3 од 8.2.2019 г.;
- Соопштение за спроведување повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/4 од 8.2.2019 г.;
- Решение за формирање Стручна комисија по повторна јавна анкета, бр. 09-719/6 од 8.2.2019 г.;
- Извештај од повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/12 од 13.3.2019 г. со вклучен Записник од спроведена повторна јавна презентација, бр. 26-719/11 од 13.3.2019 г.;
- Заклучок за спроведување повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-719/15 од 15.3.2019 г.;
- Одлука за спроведување повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/16 од 15.3.2019 г.;

- Соопштение за спроведување повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/17 од 15.3.2019 г.;
- Извештај од повторна јавна презентација и повторна јавна анкета, бр. 09-719/26 од 22.4.2019 г. со вклучен Записник од спроведена повторна јавна презентација, бр. 26-719/25 од 22.4.2019 г.;
- Стручно мислење по планот од Комисијата за урбанизам по повторна јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-640/8 од 23.4.2020 г.;
- Извештај од извршена стручна ревизија, изработена од Архитектонски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", со тех. бр. 03-343 од 30.10.2020 г.;
- Согласност од Министерството за транспорт и врски, Сектор за уредување на просторот, бр. 24-7340/2 од 6.11.2020 година (наш бр. 26-640/20 од 9.11.2020 г.);
- Мислење од Град Скопје, бр. 13-7725/2 од 21.8.2019 година (наш бр. 26-719/49 од 18.9.2019 г.);
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена донесена од Градоначалникот, бр. 09-719/24 од 19.4.2019 година и формулар за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиската оцена бр. 09-719/23 од 19.4.2019 г.;
- Известување од Министерството за животна средина и просторно планирање по Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена, бр. УП1 15-619/2019 од 14.5.2019 година (наш бр. 26-719/33 од 22.5.2019 г.);
- Известување од Министерството за животна средина и просторно планирање, бр. 15-1738/2 од 28.3.2018 година (наш бр. 26-36/13 од 30.3.2018 г.);
- Мислење од Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, бр. 17-1794/2 од 1.6.2020 г.;
- Известување од Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 0939-15978/4 од 14.12.2019 година (наш бр. 26-719/64 од 16.12.2019 г.);
- Мислење од Дирекцијата за заштита и спасување, бр. 09-113/2 од 3.6.2019 година (наш бр. 26-719/36 од 3.6.2019 г.);
- Мислење од ЈП Македонски железници инфраструктура, бр. 2001-5771/1 од 10.12.2017 г.;
- Одговор од ЈП Водовод и канализација - Скопје, бр. 1301-4893/2 од 29.12.2017 г.;
- Одговор од ЈП Водовод и канализација - Скопје, бр. 1302-2383/2 од 17.7.2020 г.;
- Мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 10-1671/2-223 од 16.7.2020 г.;
- Мислење од Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-1445 од 9.7.2020 г.;
- Известување од ГА-МА АД Скопје, без архивски број и датум (прикачено во електронскиот систем е-урбанизам на 28.5.2020 г.);
- Мислење од АД НЕР Скопје, без архивски број и датум (прикачено во електронскиот систем е-урбанизам на 4.6.2020 г.);
- Мислење од Македонски телеком АД Скопје, без архивски број и датум (прикачено во електронскиот систем е-урбанизам на 8.6.2020 г.);
- Податоци од АЕК, бр. 1404-446/2 од 8.2.2017 г. и
- Податоци од АД МЕПСО Скопје, бр. 02-1195/1 од 27.2.2017 г.

## Член 5

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром, задолжително се објавува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам. По

објавување на Одлуката, планот станува составен дел на електронски регистар на донесени детални урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам. Пристап до електронскиот регистар имаат донесувачот на планот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Електронска форма од Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09-Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром се објавува на веб-страницата на Општината.

**Член 7**

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од осум (8) работни дена од приемот на известувањето за донесувањето на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09 - Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да изврши дигитално преклопување на планот.

**Член 8**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план Градска четврт И 09-Нова железничка станица, Општина Центар-Скопје и Општина Аеродром со сите нејзини делови се чува и за нејзина реализација се грижи Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје.

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5319/14
17.12.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за започнување постапка за членство на Општина Центар-Скопје во Европската асоцијација за локална демократија-АЛДА**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за започнување постапка за членство на Општина Центар-Скопје во Европската асоцијација за локална демократија-АЛДА,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година.

Бр. 09-5319/17
17.12.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 година) и член 26 од Статутот на Општина Центар – Скопје (“Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15, 9/19 и 14/19) Советот на Општина Центар-Скопје на седница 57. одржана на 17.12.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за започнување постапка за членство на Општина Центар-Скопје во Европската асоцијација за локална демократија-АЛДА**

**Член 1**

Во Одлуката за започнување постапка за членство на Општина Центар-Скопје во Европската асоцијација за локална демократија-АЛДА (“Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 10/16) во членот 3 зборовите „600 евра“ се заменуваат со зборовите „950 евра“.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5319/16
17.12.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за постапување по член 23 од Законот за урбанистичко планирање**

Се објавува Заклучокот за постапување по член 23 од Законот за урбанистичко планирање,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година.

Бр. 09-5319/19
17.12.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 57. седница, одржана на 17.12.2020 година, расправаше по Предлогот на советниците Јана Белчева Андреевска и Јон Фрчковски и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за постапување по член 23 од Законот за урбанистичко планирање**

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје итно да ја започне постапката по член 23 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/2020) и во рок од 10 дена од усвојување на овој заклучок да ја достави потребната документација до Министерство за транспорт и врски и за истото да го информира Советот на Општина Центар-Скопје.

2. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5319/18
17.12.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Градоначалникот на Општина Центар со седиште на ул.Михаил Цоков бб, согласно член 84 од Законот за општата управна постапка, ја издава следната:

ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО

1.На странките Никола Христовски, Слободан Христовски и Михаил Христовски на ул. 50та Дивизија бр.9 Скопје, Нада Филипова од Гостивар, ул. Мара Угриносла бр.36а, се врши јавна достава на известување како непосредни соседи за издадено Одобрението за градење со УП1 бр. 27-119 од 10.04.2020 год., за издавање на Одобрение за градење на објект од втора категорија со намена А1-домување во станбени куќи, на ул. Васил Левски бр.6, на КП 903, КО Центар 2, г.п. 19.11, ДУП: Детален Урбанистички План ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј07 Локалитети: Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, на инвеститорот **Вретоска Гулеска Јованка од Охрид, со адреса на живеење на ул „Абас Емин“ бр.261/0/0.**

2.Се повикуваат Никола Христовски, Слободан Христовски и Михаил Христовски на ул. 50та Дивизија бр.9 Скопје, Нада Филипова од Гостивар, ул. Мара Угриносла бр.36а, во рок од 8 (осум) дена сметано од последното објавување во Службениот гласник на Општина Центар Скопје, да се јави во службеното седиште на Градоначалникот на Општина Центар Скопје, со цел да се направи увид во проектна документација согласно известување означено во точка 1 од Јавната објава.

3. Се предупредуваат странкитеа Никола Христовски, Слободан Христовски и Михаил Христовски на ул. 50та Дивизија бр.9 Скопје, Нада Филипова од Гостивар, ул. Мара Угриносла бр.36а, дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Скопје, 16.12.2020 година

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

________________________